## Департман – Сметководство и ревизија

Цел на студиската програма по **СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА** е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења од областа на сметководството и ревизијата и со специфични вештини за примена на ова знаење во практиката. За остварување на овие цели студиската програма ги обработува теоретските аспекти на оваа област, фокусирајќи се и на нивната практична примена.

Со усвојувањето на сознанијата на оваа студиска програма, се очекува студентот да ги демонстрира следниве знаења, способности и вештини:

**Знаење и разбирање:**

- Знаење за основните сметководствени принципи, претпоставки, стандарди и законска регулатива како и карактеристиките на современата сметководствена практика чија цел е подготовка на информации за различни групи на корисници.
- Знаења за методите на сметководствено опфаќање на трошоците, техниките за краткорочно и долгорочно донесување на одлуки, различните методи на вреднување на залихите и другите аспекти на деловното одлучување;
- Знаење за процесот на ревизија, професионалната одговорност на ревизорите и содржината и значењето на извештаите на интерните и екстерните ревизори.

**Примена на знаењето и разбирањето:**

- Ги применува теоретските принципи за сметководствена евиденција на различни видови на економски настани кај различните видови на ентитети и институции.
- Ги анализира финансиските информации, пресметува показатели на успешност и ги толкува различните аспекти од работењето врз основа на достапните извештаи. Сочинува разбирливи извештаи за различни групи на потенцијални корисници.
- Професионално расудува во примената на релевантната професионална и законска регулатива за финансиското известување и ревизијата во врска со извршување на ревизорски ангажмани или подготовка на финансиски извештаи за екстерни цели.

**Способност за проценка:**

- Демонстрира способност за синтеза на заклучоци и изведување на професионално мислење врз основа на достапни сметководствени информации.
- Демонстрира способност за проценка на квалитетот на подготвените финансиски извештаи во контекст на регулаторната рамка.
- Демонстрира аналитичност за проблемски ситуации и способност за примена на сметководствени проценки при подготовка на финансиски извештаи, вреднување на работењето на претпријатија во целина, идентификување и квантификување на финансиски и деловни ризици и сл.

**Комуникациски вештини**

- Покажува способност адекватно да комуницира со менаџментот, клиентот на ревизорската куќа, вработените, кредиторите, претставници од државните институции и агенции. Работи ефикасно како член на тимот, поседува доверливост, ненаметливо однесување, критичко размислување, ги разбира и почитува културните разлики.
- Покажува способност за комуницирање и пренесување на сметководствени прашања на лица со различен образовен профил, искуство и стил на комуникација.
- Поседува разбирање за човековото однесување, вредносни системи, елементите и компонентите на комуникација, вештини за слушање, отворен за комуникација, управува со времето и со стресот.

**Вештини на учење:**

- Демонстрира совладани вештини за учење - читање и слушање, визуелизирање, проверка преку практични примери, симплифицирање на варијациите.
- Демонстрира способност за активно учење, расположливост за учење преку практикување и обезбедување на услуги на пошироката деловна заедница.
- Покажува способност за идентификување на своите сопствени потреби и интереси за постдипломски студии во различни области на сметководството и финансиите.

***Квалификација која се стекнува*: Дипломиран економист на департманот сметководство и ревизија.**

*Структура на студиската програма (задолжителни предмети)*

| **I СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **2 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Основи на економијата | (6+0) | 9.0 | Економика на претпријатие | (6+0) | 9.0 |
| Математика за економисти | (4+2) | 9.0 | Статистика за бизнис и економисти | (4+2) | 9.0 |
| Основи на сметководство | (4+2) | 9.0 | | | |

| **II СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **4 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Финансиско сметководство | (4+2) | 8.0 | Информациони технологии | (4+2) | 8.0 |
| Финансиски пазари и институции | (6+0) | 8.0 | Математички методи | (4+2) | 8.0 |
| Основи на менаџмент | (6+0) | 8.0 | | | |
| Сметководство на трошоци | (4+2) | 8.0 | | | |

| III **СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **6 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Сметководствени информациони системи | (6+0) | 8.0 | Ревизија | (4+2) | 8.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Корпоративно финансиско известување | (4+2) | 8.0 | Управувачко сметководство | (4+2) | 8.0 |
| Финансиски менаџмент | (6+0) | 8.0 | Сметководствени контролни системи | (4+2) | 8.0 |

| IV **СТУДИСКА ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7 СЕМЕСТАР (ЗИМСКИ)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **8 СЕМЕСТАР (ЛЕТЕН)** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
| Меѓународно финансиско известување | (4+2) | 8.0 | Интерна ревизија | (4+2) | 8.0 |
| Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации | (4+2) | 6.0 | Јавни финансии | (6+0) | 8.0 |
| Економија на инвестиции | (6+0) | 8.0 | Анализа на финансиски извештаи | (4+2) | 6.0 |
| | | | Дипломска работа | | 5.0 |

*Структура на студиската програма (изборни предмети)*

| **ЗИМСКИ СЕМЕСТАР** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** | **ЛЕТЕН СЕМЕСТАР** | **Неделен фонд на часови** | **ЕКТС кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| Аграрна политика | (4+0) | 6.0 | Анализа на временски серии | (4+2) | 6.0 |
| Англиски јазик I | (2+4) | 6.0 | Англиски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| Банкарски менаџмент | (4+2) | 8.0 | Германски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| Банкарство | (4+0) | 8.0 | Девизна политика | (6+0) | 6.0 |
| Германски јазик I | (2+4) | 6.0 | Деловно комуницирање | (4+2) | 8.0 |
| Деловна етика | (4+0) | 6.0 | Деловно планирање | (6+0) | 8.0 |
| Демографија | (6+0) | 6.0 | Државна регулација | (6+0) | 8.0 |
| Директен маркетинг | (4+0) | 6.0 | Единствен пазар на ЕУ | (6+0) | 8.0 |
| Европски економски | (6+0) | 8.0 | Економија на јавниот сектор | (6+0) | 8.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| интеграции | | | | | |
| Еколошки менаџмент | (4+0) | 6.0 | Економија на работна сила | (6+0) | 6.0 |
| Економетрија | (6+0) | 7.0 | Економика на внатрешна трговија | (6+0) | 8.0 |
| Економски развој | (6+0) | 8.0 | Економска статистика | (4+2) | 8.0 |
| Макроекономија | (6+0) | 8.0 | Економски системи и глобализација | (6+0) | 8.0 |
| Маркетинг истражување | (4+2) | 8.0 | Економско планирање | (6+0) | 7.0 |
| Маркетинг менаџмент | (4+2) | 8.0 | Инвестиционен менаџмент | (6+0) | 8.0 |
| Маркетинг преку повеќе канали | (4+2) | 7.0 | Индустриска политика | (6+0) | 6.0 |
| Меѓународен маркетинг | (6+0) | 8.0 | Интернет маркетинг | (2+4) | 8.0 |
| Меѓународни организации и интеграции | (4+0) | 8.0 | Јавни финансии | (6+0) | 8.0 |
| Меѓународни трговски трансакции | (6+0) | 8.0 | Користење апликации преку интернет | (4+2) | 8.0 |
| Меѓународни финансии | (4+0) | 8.0 | Корпоративно управување | (4+0) | 6.0 |
| Менаџмент информациони системи | (6+0) | 8.0 | Логистика | (4+2) | 8.0 |
| Менаџмент на е-бизнис I | (4+2) | 8.0 | Локални финансии | (4+0) | 6.0 |
| Менаџмент на е-бизнис II | (4+2) | 8.0 | Маркетинг комуникации | (2+4) | 8.0 |
| Методи на продажба | (4+0) | 6.0 | Маркетинг на трговски претпријатија | (4+0) | 8.0 |
| Надворешна трговија | (6+0) | 8.0 | Маркетинг на услужни дејности | (4+2) | 8.0 |
| Наука за менаџмент | (4+2) | 8.0 | Маркетинг политика на цени | (6+0) | 8.0 |
| Однесување на потрошувачите | (4+0) | 8.0 | Меѓународен менаџмент | (4+2) | 7.0 |
| Општествено богатство и национални сметки | (4+2) | 6.0 | Меѓународен финансиски менаџмент | (4+0) | 6.0 |
| Основи на дигитална економија | (4+2) | 8.0 | Меѓународна економија | (6+0) | 8.0 |
| Основи на е-бизнис | (4+2) | 6.0 | Менаџмент на мал бизнис | (4+0) | 8.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основи на интернет архитектура | (4+2) | 8.0 | Менаџмент на човечки ресурси | (4+2) | 8.0 |
| Основи на маркетинг | (6+0) | 8.0 | Микроекономија | (6+0) | 8.0 |
| Политика на социјален развој | (6+0) | 8.0 | Монетарна економија | (6+0) | 8.0 |
| Политика на технолошки развој | (6+0) | 7.5 | Мултилатерален трговски систем | (6+0) | 8.0 |
| Производен менаџмент | (4+2) | 8.0 | Мултилатерална трговска регулатива | (6+0) | 8.0 |
| Промоција | (4+0) | 8.0 | Односи со јавноста | (4+0) | 6.0 |
| Регионална економија | (6+0) | 8.0 | Оптимализација во интернет окружување | (4+2) | 6.0 |
| Руски јазик I | (2+4) | 6.0 | Организација и дизајн на веб | (2+4) | 8.0 |
| Сметководство на јавниот сектор | (4+2) | 6.0 | Организациско однесување | (4+0) | 8.0 |
| Современи трендови во е-бизнис | (2+4) | 7.0 | Осигурување | (4+2) | 8.0 |
| Стратегиски менаџмент | (6+0) | 8.0 | Правни и етички аспекти на интернет | (4+0) | 7.0 |
| Теорија на организација | (6+0) | 6.0 | Претприемништво | (4+0) | 8.0 |
| Трговско право | (4+0) | 9.0 | Применета економија | (6+0) | 8.0 |
| Управување со производот | (4+0) | 8.0 | Проектен менаџмент | (6+0) | 7.0 |
| Фискален и монетарен систем на ЕУ | (4+0) | 8.0 | Развој на економската мисла | (6+0) | 7.5 |
| Француски јазик I | (2+4) | 6.0 | Руски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| | | | Сметководство на банки и други финансиски институции | (4+2) | 6.0 |
| | | | Социологија | (6+0) | 6.0 |
| | | | Стратегиски маркетинг | (6+0) | 7.0 |
| | | | Стратегиско сметководство на менаџментот | (4+2) | 6.0 |
| | | | Теорија на одлучување | (4+2) | 6.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Управување со промени | (4+2) | 6.0 |
| | Управување со резултати | (4+0) | 6.0 |
| | Управување со ризик | (4+0) | 6.0 |
| | Управување со системите | (6+0) | 8.0 |
| | Финансиска економетрија | (4+2) | 6.0 |
| | Финансиска математика | (4+2) | 6.0 |
| | Француски јазик II | (2+4) | 6.0 |
| | Хартии од вредност и портфолио менаџмент | (6+0) | 7.0 |